**Наслов на активноста**

Игра со цевки

**Возраст**

Развоен период (од 3 до 10 години)

| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| --- | --- |
| Домашни услови | Самодоверба |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 15 минути | 20-25 минути |

**Цели**

Развивање на прецизност и истрајност во преземените активности

**Очекувани резултати**

Детето ја изведува активноста прецизно и до крај

**Насоки**

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**

На маса или на послужавник се редат и лепат со селотејп цевки како патека. Тие се поставуваат една спроти друга и помеѓу нив има простор од околу 10 сантиметри.

Патеката може да биде во повеќе насоки (да наликува на лавиринт/улица), односно на секој завршеток од една цевка се поставува друга (се лепат со селотејп) кои може да бидат во повеќе насоки и се поставуваат сè до определената цел.

Се зема стиропорно топче/мал надуван балон, лист од дрво/цвет, топка од памук и слично и се поставува на почеток од патеката. На почетокот се става знак старт, а на крајот на патеката цел.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**

Со помош на дување низ цевката детето треба да го придвижува топчето/балонот низ патеката од цевки и да го однесе до целта.

<table>
<tr><td colspan="2"><u>Активност/игра</u><br>На детето му се објаснува дека е потребно да го пренесе топчето/балонот низ патеката до целта, со помош на дување на воздух низ цевката. Оваа игра може да се игра и со другите членови од семејството, односно да се направат повеќе идентични патеки и да се натпреваруваат кој ќе стигне прв до целта.</td></tr>
<tr><td>Прилози</td><td>Материјали</td></tr>
<tr><td>/</td><td>Стиропорно топче/мал надуван балон, лист од дрво/цвет, топка од памук; цевки; селотејп;</td></tr>
<tr><td colspan="2">Активноста е подготвена од едукаторите:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева<br><br>Графички дизајн: Катерина Николовска<br><br>Лектура: Јана Михајловска<br><br>Превод: Агим Лека</td></tr>
</table>



